РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД
Бр. 05-632/2
02.11.2023
ОХРИД

УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (УИНТ) „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД
објавува
КОНКУРС
ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+
АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР
за академската 2023/2024 година
проект 2023-1-MK01-KA131-HED-000112552

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската комисија, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, распишува Конкурс за доделување **2** стипендии за административен кадар за обука на високообразовните институции од земјите со кои Универзитетот има потпишано договори за меѓу-институционална соработка во земјите на Европската Унија +Турција.

Листата на универзитети со кои УИНТ има потпишано договори за меѓу-институционална соработка можете да ја видите на веб страната http://uist.edu.mk/erasmus/erasmus-partner-universities/. Конкурсот согласно правилата на Еразмус КА131 програмата се однесува само за мобилности во земјите на Европската Унија +Турција.

Мобилноста за наставниот кадар е во времетраење од максимум 5 работни дена за мобилност, во текот на 2023/24 година, заклучно со 31.05.2024 година.

**Апликациите за учество задолжително треба да содржат:**

- Формулар за апликација (Прилог 1)
- Биографија (Прилог 2)
- Acceptance Letter од институцијата каде е планирана мобилноста (Апликантите се задолжени да ја контактираат високообразовната институција каде ја планираат мобилноста и од истата да добијат Acceptance Letter за реализација на истата. Овој документ служи како потврда дека странската високообразовна институција (институцијата домаќин) ја прифаќа мобилноста на кандидатот, и служи во процесот на апликација на овој Конкурс

**Селекцијата на кандидатите** ќе ја врши Комисија за селекција на мобилност за обуки на административен кадар согласно правилата за мобилност на Еразмус + програмата и податоците наведени во Прилог 1 и 2, како и согласно одредбите наведени во Правилникот за мобилности на студенти и кадар на Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле" Охрид – УИНТ, (Членови, 24, 25, 26 и 27).

**Процес на номинација на високообразовната институција – домаќин**. Врз основа на резултатите од Комисијата за селекција, Еразмус КА131 координаторот ќе изврши номинација на избраните лица од наставниот кадар за мобилности во високо-образовната институција која е наведена во апликацијата.

Финансирањето на мобилностите како и сите административни процедури ќе се вршат согласно правилата на Еразмус + програмата, односно согласно пресметката во Mobility tool алатката на Еразмус програмата, а врз основа на број на денови и далечина. Кандидатите ќе бидат известени за резултатите за селекција во електронска форма од страна на Еразмус КА 131 координаторот на УИНТ.

Висината на грантот ќе зависи од бројот на денови за мобилност (максимум 5) и далечината согласно пресметките на Еразмус програмата која може да се провери на следниов линк: https://erasmus-plus.ec.europa.eu/resources-and-tools/distance-calculator

**Конкурсот е отворен до 10 ноември (петок) 2022 година**. Заинтересираните апликанти треба да ги поднесат своите апликации во коверт до Координаторот за Еразмус + КА 131 (во библиотеката на Универзитетот), на ковертот треба да го наведат сопственото име и да назначат дека се работи за поднесување на апликација за учество во програмата Еразмус+.

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АП. ПАВЛЕ" ОХРИД
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА